РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-6065/1
05.05 2017 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 9. 5. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8/17 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за измена и дополнување на Наставниот план за воспитно-образовната дејност во деветгодишното основно образование

1. Со ова решение се донесува измената и дополнувањето на Наставниот план за воспитно-образовната дејност во деветгодишното основно образование.
2. Во Наставниот план во листата на задолжителни предмети се додава наставниот предмет – *работа со компјутер и основи на програмирање* во V одделение со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа годишен фонд.
3. Во Наставниот план во листата на изборни предмети се брише наставниот предмет – *работа со компјутер* во V одделение со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа годишен фонд.
4. Измената и дополнувањето на Наставниот план ќе се применува од учебната 2017/18 година во деветгодишното основно училиште.
5. Составен дел на ова решение е Наставниот план за деветгодишното основно образование.
6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а се применува од учебната 2017/18 година.

## Образложение

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/2010, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16 и 127/16 ) министерот за образование и наука донесува наставни планови и програми кои ги подготвува Бирото за развој на образованието.

Измената и дополнувањето на Наставниот план и воведувањето на наставниот предмет *работа со компјутер и основи на програмирање* во V одделение со неделен фонд од 2 часа, односно 72 часа годишен фонд се предлага согласно заклучоците на осумдесет и петата седница на Владата на Република Македонија (07.07.2015 година) и како континуитет во изучувањето на наставниот предмет *работа со компјутер и основи на програмирање* од трето одделение. Со оглед на гореизнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Бирото за развој на образованието
- Архивата

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ